Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за животна средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Бр. - Nr 15-1959/2
26.05.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1959/2
Дата/Data: 26-05-2026

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42 paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25), dhe në lidhje me Në nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за Услови за планирање на просторот

## AK T V E N D I M
### për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт се издаваат Услови за планирање на просторот за магистрален гасовод, крак кон ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, КО Мало Рувци и КО Штавица, Општина Прилеп.

1 Me këtë Aktvendim Ministrisë së transportit, i jepen Kushtet për planifikim hapësinor për gazsjellës magjistral, degëzim drejt ZTIZH Prilep, KK Alinci, KK Ruvci i Vogël, KK Shtavicë, Komuna e Prilep.

Должината на трасата за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува приближно 4 km.

Gjatësia e trasës për të cilën jepen Kushtet për planifikimin e hapësirës është afërsisht 4 km.

Планскиот опфат граничи со траса за која се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на патен коридор 10 Д, делница на автопат: Прилеп-Битола Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола.

Përfshirja planore kufizohet me një trase për të cilën janë lëshuar Kushte për planifikimin e hapësirës për ndërtimin e korridorit rrugor 10 D, segment i autostradës: Prilep – Manastir, Komuna e Prilep, Komuna e Mogila dhe Komuna e Manastirit.

Во близина на планскиот опфат се наоѓа траса за која се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 2: Кавадарци – Прилеп - Битола, со тех. бр. Y20711.

Në afërsi të përfshirjes planore ndodhet trase për të cilën janë lëshuar Kushte për planifikimin e hapësirës për përgatitjen e projektit të infrastrukturës për ndërtimin e gazsjellësit magjistral, segmenti 2: Kavadarci – Prilep – Manastir, me nr. teknik Y20711.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të jetë në përputhje me Ligjin për Urbanistikë dhe Rregulloren për Planifikim Urban.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin hapësinor dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, në pajtim me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. У48125 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за магистрален гасовод, крак кон ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, КО Мало Рувци, КО Штавица, Општина Прилеп, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Трасата на магистралниот гасовод се наоѓа во Пелагониската Котлина каде се изградени системи за наводнување и одводнување на обработливото земјиште. При изработката на планската документација да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и да се предвидат мерки со што ќе се избегнат можните конфликти.

6. Низ локацијата за магистрален гасовод, крак кон ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, КО Мало Рувци, КО Штавица, Општина Прилеп, минува постојниот преносен 400kV далновод Битола2-Скопје4 заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

7. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина,

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij vendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik U48125 janë pjesë integrale e Aktvendimit.

3. Kushtet për planifikimin e hapësirës për gazsjellës magjistral, degëzim drejt ZTIZH Prilep, KK Alinci, KK Ruvci i Vogël, KK Shtavicë, Komuna e Prilep, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime dhe zgjidhje dhe vërejtje përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i një niveli më të lartë dhe bashkëngjitjet grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.

4. Ndër përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, e veçanërisht kufizimi i rreptë i transformimit të tokës nga klasa kreditore I-IV për përdorim jo bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokën.

5. Trasa e gazsjellësit magjistral ndodhet në Fushëgropën e Pellagonisë, ku janë ndërtuar sisteme për ujitje dhe kullim të tokës bujqësore. Gjatë përgatitjes së dokumentacionit planor duhet të përcaktohet pozita e infrastrukturës ekzistuese dhe të planifikuar për ujitje dhe të parashihen masa me të cilat do të shmangen konfliktet e mundshme.

6. Nëpër lokacionin për gazsjellësin magjistral, degëzim drejt ZTIZH Prilep, KK Alinci, KK Ruvci i Vogël, KK Shtavicë, Komuna e Prilep, kalon largpërçuesi ekzistues transmetues 400 kV Manastir 2 – Skopje 4, për këtë arsye gjatë përgatitjes së dokumentacionit urbanistik dhe projektues duhet të respektohen "Rregullat e rrjetit për transmetimin e energjisë elektrike" (Gazeta Zyrtare e RM nr. 303/2021).

7. Hartuesi ose përpiluesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e

природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

8. Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија, на подрачјето на катастарските општини Алинци, Мало Рувци и Штавица има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.

9. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за магистрален гасовод, крак кон ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, КО Мало Рувци, КО Штавица, Општина Прилеп, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 76023 од 05.11.2025 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за магистрален гасовод, крак кон ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, КО Мало Рувци, КО Штавица, Општина Прилеп.

mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje në kufi me objektin planore që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urban ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25).

8. Sipas të dhënave nga Ekspertiza për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore dhe hartës arkeologjike të Republikës së Maqedonisë, në territorin e komunave kadastrale Alinci, Ruvci i Vogël dhe Shtavicë janë evidentuar monumente të paluajtshme të kulturës dhe lokalitete arkeologjike.

9. Gjatë sjelljes së vendimit për zbatimin ose vendimin për moszbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për zonën në fjalë për gazsjellës magjistral, degëzim drejt ZTIZH Prilep, KK Alinci, KK Ruvci i Vogël, KK Shtavicë, Komuna e Prilep, është e detyrueshme të merren parasysh udhëzimet për nevojën e kryerjes së një Vlerësimi Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzionet e zonave sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ARSYETIMI

Ministria e transportit, bazuar në nenin 42, paragrafi (1) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25), ka paraqitur kërkesë nëpërmjet sistemit e-urbanizëm, me numër të procedurës UPP 76023 nga data 05.11.2025, në Agjencinë për planifikimin e hapësirës për lëshimin e Kushteve për planifikimin e hapësirës për gazsjellës magjistral, degëzim drejt ZTIZH Prilep, KK Alinci, KK Ruvci i Vogël, KK Shtavicë, Komuna e Prilep.

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за магистрален гасовод, крак кон ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, КО Мало Рувци, КО Штавица, Општина Прилеп и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15-1959/1 од 15.05.2026 година.

Условите за планирање на просторот за магистрален гасовод, крак кон ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, КО Мало Рувци, КО Штавица, Општина Прилеп претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Në përputhje me nenin 42, paragrafi (8) të të njëjtit ligj, Agjencia për planifikimin e hapësirës i ka përgatitur Kushtet për planifikimin e hapësirës për gazsjellës magjistral, degëzim drejt ZTIZH Prilep, KK Alinci, KK Ruvci i Vogël, KK Shtavicë, Komuna e Prilep dhe i ka dorëzuar te Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor nën nr. 15-1959/1 nga data 15.05.2026.

Kushtet për planifikimin e hapësirës për gazsjellës magjistral, degëzim drejt ZTIZH Prilep, KK Alinci, KK Ruvci i Vogël, KK Shtavicë, Komuna e Prilep, përfaqësojnë parametra hyrës dhe udhëzime gjatë planifikimit të hapësirës dhe vendosjes së koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese për të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.

Konkluzat përmbyllëse, të përcaktuara në Kushtet e Planifikimit Hapësinor që dalin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, paraqesin aktivitete të detyrueshme në proçesin e planifikimit të mëtutjeshëm hapësinor.

Në bazë të asaj që u cek më lartë u vendos si në dispozitiv të këtij vendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ Ministër
**Muamet Hoxha**

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Соња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk